Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

**Број: 04-5043/28**
**Датум:26.09.2022 година**

Врз основа на член 11 и член 52 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Државниот секретар на Министерството за транспорт и врски донесе:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас 02/2022 за унапредување на административни службеници во Министерството за транспорт и врски**

1. Кандидатот **Даниела Деспотовска Сековска**, по пат на интерен оглас број 02/2022 се избира за работно место **УПР 01 01 В01 000 Советник за следење и реализација на поднесени барања од општините поврзани со Годишната програма финансирана од Буџетот на Р.М.** во Одделение за аналитика и евиденција на урбанистички планови и урбанистичко – планска документација и реализација на Годишна програма за урбанистичко планирање финансирана од Буџетот на Р.М во Сектор за уредување на просторот - 1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат по интерен оглас број 02/2022 со број 04-5043/27 од 23.09.2022 година.

3. Именуваната ќе биде унапредена на работното место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиено Известување број 18-3238/2 од 10.05.2022 година од Министерството за финансии, Државниот секретар упати Барање со број 04-5043/1 од 07.09.2022 година за отпочнување на постапка за унапредување на 3 (три) административни службеници во Министерството за транспорт и врски. На ден 09.09.2022 година беше објавен интерен оглас број 02/2022 за унапредување на 3 (три) административни службеници во Министерството за транспорт и врски, објавен на веб страната на Министерството за транспорт и врски и на веб страната на Агенцијата за администрација.

Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници, од страна на Државниот секретар беше формирана


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана со Решение со број 04-5043/5 од 20.09.2022 година.

Комисијата направи административна селекција на пријавените кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за транспорт и врски за што состави Записник од административната селекција за интерен оглас број 02/2022 за унапредување на административните службеници со број 04-5043/26 од 21.09.2022 година.

По спроведеното интервју Комисијата состави Записник од спроведување на интервјуто и изготви Финална ранг листа на интервјуиран кандидат и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас 02/2022, со број 04-5043/27 од 23.09.2022 година.

Врз основа на ранг листа, Државниот секретар во Министерството за транспорт и врски донесе Одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, ќе се донесе Решение за унапредување за именуваната.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата.

**ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР**
**МИТКО ТРАЈЧУЛЕСКИ**

Доставено до:
- Именуваната;
- Одделение за управување со човечки ресурси;
- Архива.

Изработил: Билјана Мојсовска Милеска
Проверил: Анита Војновска Наумовска


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска Општина“ бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk